ИЗЛОЖБИ

# Рационална постапка

● **Кон изложбата на скулптури на Станко Павлески во Музејот на современата уметност на Скопје**

Да се реализира изложба на скулптура во ова скудно време претставува вистински подвиг. Тоа го постигнаа помладите автори, а меѓу повредните се вбројува и Станко Павлески. Тој се школуваше на скопскиот Факултет за ликовни уметности и сега го заокружува своето неколкугодишно создавање на еден вид скулптура-објект со која се има претставено на повеќе селектирани изложби во нашата земја. Неговиот авторски придонес е забележан во обновената струја на неоконструктивизам базиран на искуствата на историската авангарда, поточно на геометриската апстракција и минималната уметност, како и на потребите на своето време. Тоа значи продолжување со еден креативен концепт на определени настојувања и во современата македонска уметност, посебно во областа на скулптурата.

Скулптурата на Павлески е замислена во метал, материјал кој се употребува во индустријата но кој во процесот на обработка добива поинакви вредности. Тој ја конструира формата од метални плошнини, тенок и тврд материјал кој е темен и непривлечен, со придушен сјај. Постапката во креирањето на скулптурата е рационална, со концепција во својата глава но и со раце кои го изведуваат целиот процес на вообличување, без додавање и одземање во конструираните кубични „тела".

Исечените површини се склопуваат во затворени форми според некој многу строг, можеби математички прецизен систем од односи кој ја истакнува правоаголноста и остриот раб на формата. Павлески го контролира секој дел во самото скулпторско тело кое на различен, но секогаш на еден точен начин го артикулира просторот во кој се поставени, посебно и во разни соодноси. Скулптурите делуваат со своите правоаголни структури, нестандардизирани форми наизглед едноставни но разрешени во симетрични, повеќе во асиметрични односи. Тоа се некогаш напнати и динамични облици, накривени структури, но и смирени статични тела, знаци во просторот кои имаат своја зафатнина и специфична тежина. Правилно составените апстрактни конструкции, кои наликуваат на необичен објект, на еден вид дизајниран „мебел", ја појавуваат технолошката компонента во нашето живеење што не ја исклучува магичната сугестија, извесните симболични значења. Овие затворени кутии се замислени во чисти површини но исто така со деликатни поместувања и извлекувања на некои делови, или со отворање на формата што отвора простор на извесната асоцијативност и тајновитост на затворениот простор. Скулптурата на Павлески, во своите разновидни форми и геометриски ликови нуди архитектонски сензации со линиите и плошнините кои скалесто се искачуваат и симнуваат од ѕидот, се прилепуваат за него, артикулираат некој агол или се распослани по подот. Тоа се метални „архитектони" кои со црно обоените ѕидови во изложбениот простор се вклучени во уметничката концепција за да ја потенцира архитектуралноста, поточно релацијата меѓу креираниот облик и зададените решенија во просторот. Едновремено тоа го нагласува стремежот на оваа скулптура да се интегрира во еден посеопфатен геометриски правилно артикулиран простор што зависи меѓу другото и од материјалните можности. Покрај извесните нарушувања во релацијата меѓу кубичните скулптури и објекти во просторот и во однос на поодделните боени ѕидови, како во разновидноста на вообличените скулпторски тела, може да се каже дека постои доследност во однос на одредената точност во замислата, при што рационализмот во креирањето на оваа скулптура не ја оддалечува неа од уметноста, од извесната згуснатост на формата која е мошне редуцирана и со својата јасна дизајнираност ги потврдува основните конструктивистички референци. На тој начин се отвора простор и за нови истражувања во подрачјето на геометриски уобличената, минимална уметност која го покажува степенот на една нова урбана свест кај нашиот уметник. Во таа смисла изложбата има свое посебно значење.

**Владимир Величковски**

5.11.'91 – Нова Македонија.